


# ИЛИЈА КОЧОВСКИ



**ИЛИЈА КОЧОВСКИ**

Роден е 1945 год. во Битола. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Член на ДЛУМ и ликовната група „77".

Живее и работи во Битола, М. Тито 46

★ ★ ★

## ТРИ ПРИСТАПИ НА ЕДНА ИДЕЈА

Кога би се зборувало за Кочовски како сликар, мора да се каже, дека иако живее во една средина која културно замира веќе неколку децении, неговиот дух се спротивставува, прокламирајќи ја слободата на Новото време. Пристапувајќи кон материјализацијата на своите размислувања, тој се движи низ своите, лични промени и промените што ги диктира времето. Меѓутоа неговите стремежи кон новото и, повисокиот ликовен израз му наметнуваат барања, така да следејќи го својот уметнички инстикт и внатрешната потреба за естетика, тој е принуден да се обѕирнува и наназад. Сепак тој се бара—живеејќи и работејќи со бојата, тој се движи низ сферите на плурализмот: од едната страна — византискиот експресионизам со златното, циноберот и синото и ориенталниот симболизам како краен продукт и одраз на поднебјето и традицијата, а од другата страна уметничките тенденции на последните десетлетија /Жил Олицки, Тапиес, Риврс, Де Кунинг/ што добија печат и дадоа порака на планетарна уметност.

Честопати бојата ја става во службата на цртежот или пак во конфронтирање — синозелените валери спрема топлите бои на земјата. Благиот призвук на еротичност што избива од актовите е истовремено израз на животноста и телесната естетика која победувајќи го хаосот на нештата, ја надминува поминливоста.

Во секој случај сликарството на Илија Кочовски претставува една значајна алка на новата уметност што пополека и упорно се раѓа на оваа почва, следејќи ги уметничките традиции на ова поднебје.

Роберт МИХАЈЛОВСКИ

ИЛИЈА КОЧОВСКИ е современо образован уметник и објектот на своето набљудување го знае од сите негови аспекти и значења, како и сите концепции кои постојат во него, со цел да изнајде една единствена во која ќе бидат содржани сите одеднаш.

Цртежот го прифаќа како примарен знаковен систем дополнувајќи ги неговите основни елементи /линија и подлога/ со сликарски /бојата во разни варијации/, и на тој начин доближувајќи го до решавањето на формата и идејата на примарните структури. Цртежот, кој го комбинира во повеќе техники, содржи интелектуално, длабоко обмислено емотивно решение кое носи со себе нешто истражувачко, недоречено, концептуално. Во неговите цртежи на актови и предели, линијата не е примарен елемент. Таа само се насетува позади вешто тонираните колористички површини кои ја создаваат целокупната атмосфера и суштина на експонатот.

Кочовски не го црта и не го слика светот, туку се поистоветува со него, го доживува, станува негов составен дел. Неговиот свет не го набљудува туку го истражува, проучува, бара причини и се стреми да дојде до сржта на предметот на неговото интересирање. Неговото проучување се движи низ логичен и рационален тек, создавајќи ги основните елементи на естетската основа, содржани во просторот, звукот и времето.

Изложбата на Кочовски претставува целина на еден ликовен третман на природата, заснован врз сопствени визуелни принципи и закони независни од законите на предметот — темата на неговото интересирање — природата. Творештвото зборува само за себе, за зрела творечка индивидуалност, емотивност, инвентивност и креација.

Лилјана ХРИСТОВА
*историчар на уметност*

Естетската визура на сликарот Илија Кочовски, претставена низ трите ликовни уметнички пристапи пред фантазискиот триптихон: Ерос — Сензус, или сензуална мистификација за имагинарното волшепствување на женските телесни тајни; Пејзаж — Витраж, или тонски духовни искушенија од навестени пленери во мементните и ламентните меѓуслики на луцидните меѓупростори; и Време — Опсесија, за сеансните претстави што временото го преобразуваат во насетувања на миражната вонвременост. . . Сите тие необичности на моменталностите и селидбите на минливоста во вечноста на Мигот — Магика, таму се глетките кои опсервираат: Да се внесат во претпоставката на Мечтата — Мислата!

. . . Халуцинацијата на опојството од сензибилните хоризонти, претворени во имажинирани простори на облиците што ја опседнуваат илузијата и загадоштвата за непретставените убавини зад препознатливите форми на видените рабови, како да ја будат потсвесната метаекстаза пред очекуваното, што се импровизира преку невидените контури на Сонот — Свет, врз чии линеарни облини се наталожуваат фикции од надинстинктивни приоѓања кон иреалното, апсолутно: Духовното во Еросот!

Апстрахираните лица што исчезнуваат и не постојат за љубопитствата на обичниот поглед, како да ја облагородуваат хармонијата на достапното, за потоа да преминат кон недостапното, меѓувизијата: Чувство — Тело!

. . . Премреженоста и силуетизацијата на она што се предвидува пред непредвидливите Густини — ликовни Претстави кои блескотат и мрачат низ градацијата и илуминацијата на зениците во беспросторноста и недофатноста на колоритните Мени — Слики, тоа се пејзажните пасажи, а врз сликата на пределот што го овековечуваат валерите, тоа се оние разнесени претпоставени гами што се будат и гаснат во сета онаа измечтаена поворка од разблеснувања и растопувања па сѐ до разложувања на складови — тоа е мигновеноста на планетарната алузија: Простори во фантазијата на раскинатите и распнатите творителни светогледи што гледаат, демнат и Сликаат Слики!!!

. . . Темпоралноста и таинственоста, скепсата и совршеноста што се јавува во Магискиот бескрај — Време, што слика симболи за преливните пехари на дамнините и Време, што сонува водоскоци на иднините, низ обеспокоеноста на менувањата: Од недогледот на спомените до Времињата на сликосветот, насликани во необјаснетите простори на незабележливите, нејасните одови на пиктуралните знакови, чии значења постојат во бледеењата, молскањата, скитањата и сонувањата што немаат мeѓи, таму меѓу површините што поседуваат моќ на потсетувања на некои ликови на Времињата извизуелизирани преку ликовни воведувања во она што заведува кон Мечтателни Длабини: верувањето се допира до треперливоста на идејата која слика меѓу аркадите на интелектните Слики!!!!

Уметникот Илија Кочовски низ првенствените трагања по појавите на судбинските преливи на сликите, врз чии сликарски целини се порабуваат творби од хипотетични секвенции од уметнички претстави, слика напластени зони меѓу духот сликовен, кој постои како метафорика на Боите, симболика на Идеите, и естетика на Преливите пред мистиката на творечката Метаморфоза. . .

Ричард ИВАНИШЕВИЌ

★ ★ ★

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1973, 1975, 1978, 1980 — Битола
1980 — Тржич
1981 — Неготино

ИЗЛОЖБИ СО ГРУПАТА „77"

1979 — Битола, Охрид, Струга
1980 — Скопје, Битола
1981 — Битола, Куманово, Скопје
1982 — Белград, Битола
1983 — Скопје
1985 — Скопје, Битола

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Од 1967 — на сите Ноемврски изложби во Битола
Од 1976 — на сите Мајски изложби на ДЛУБ
1977 — Скопје — Современа македонска уметност—млада генерација III
— Скопје — Младите и творештвото
1978 — Битола — Трето триенале на современа југословенска графика
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
1979 — Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Скопје — Историско минато
— Кавадарци — Изложба на ДЛУБ
— Неготино — Изложба на ДЛУБ
1980 — Скопје — XI графичка изложба на ДЛУМ
— Скопје — ДЛУМ цртеж 80
— Никшиќ — Салон на младите
— Битола — ДЛУБ ретроспектива
1981 — Скопје — XII графичка изложба на ДЛУМ
— Скопје ДЛУМ цртеж 81
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Титов Велес — Изложба на ДЛУБ
— Пожаревац — Изложба на ДЛУБ
— Битола — IVтриенале на современа југословенска графика
1982 — Скопје — XIII графичка изложба на ДЛУМ
— Охрид — Изложба на ДЛУО
— Струмица — Струмичка колонија
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
1983 — Никшиќ — Ликовни средувања
— Скопје — ДЛУМ цртеж 83
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Скопје — Жената како инспирација
— Цетиње — Ликовни салон „13 новембар"
1984 — Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Скопје — ДЛУМ цртеж 84
— Херцег Нови — Изложба на уметници од братски и пријателски градови
— Скопје — 40 години македонско ликовно творештво
— Скопје — Сликарство мал формат
1985 — Битола — Членови на ДЛУМ од Битола
— Скопје — ДЛУМ цртеж 85
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Скопје — Сликарство мал формат
— Пожаревац — Изложба на ДЛУБ
1986 — Скопје — ДЛУМ цртеж 86
— Скопје — Годишна изложба на ДЛУМ
— Скопје — Сликарство мал формат
1987 — Сисак — Изложба на збратимените градови

УЧЕСТВО НА ЛИКОВНИ КОЛОНИИ

1981 — Прилеп
1982 — Прилеп, Струмица
1983 — Никшиќ

НАГРАДИ

1978 — Мајска награда на ДЛУБ
1981 — Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на изложбата ДЛУМ цртеж 81
1983 — Награда ЛИКУМ на годишната изложба на ДЛУМ
1984 — Откупна награда на Музејот на современа уметност од изложбата ДЛУМ цртеж 84
1985 — Ноемвриска награда на Уметничката галерија Битола
1987 — Мајска награда на ДЛУБ





1977 1987

# ЦРТЕЖИ – СЛИКИ

ОД

# ИЛИЈА КОЧОВСКИ

СПОМЕН-ДОМ НА КУЛТУРАТА БИТОЛА

ИЗЛОЖБЕН САЛОН, ЈУНИ 1987

ИЗДАВАЧ СПОМЕН — ДОМ НА КУЛТУРАТА БИТОЛА, ДИЗАЈН И. КОЧОВСКИ ФОТО А. НАШОКУ ПЕЧАТИ МИКЕНА